Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 08 - 122/9
13.03 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа член 30 и 112 од Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр.82/2018), член 37 од Статутот и согласно со Етичкиот кодекс на Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје (во натамошниот текст: Бреинстер Некст Скопје), и во согласност со Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за дисциплинска одговорност на студентите што студираат на Бреинстер Некст Скопје бр. 08-122/8 од 13.03.2026 година Наставничкиот совет на својата 59 седница одржана на 13.03.2026 го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## за дисциплинска одговорност на студентите што студираат на Бреинстер Некст Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат основата и постапката за дисциплинска одговорност на студентите што студираат на Бреинстер Некст Скопје, како и начинот и постапката за изрекување на дисциплински мерки.

**Член 2**

Овој Правилник се применува на сите редовно и вонредно запишани студенти, независно на која студиска програма студираат во рамки на Бреинстер Некст Скопје.

**Член 3**

Повредите на правилата и стандардите за однесување од страна на студентите можат да бидат полесни и потешки.

Полесните повреди на правилата ги решава предметниот наставник на начин регулиран со овој правилник.

Секоја потешка повреда на правилата и стандардите за однесување на студентите, наставникот со писмено барање преку архивата ја пријавува кај директорот на Бреинстер Некст Скопје, во постапка определена со овој правилник.

Директорот ги презема потребните мерки за испитување на пријавената дисциплинска повреда во рок од 5 работни дена од добиеното писмено известување од наставникот.

Во зависност од оцената за тежината на дисциплинската повреда, директорот може:

- Конкретната ситуација да ја надмине преку разговор со студентот во духот на академска атмосфера,
- Да му изрече јавна писмена опомена на студентот,
- Да му изрече забрана за полагање во наредните една до три испитни сесии,
- Да му изрече времено исклучување од најмногу 30 денови,
- Да поднесе барање до НС за изрекување на времено исклучување (суспензија) од НС за период од најмалку 30, а најмногу 60 календарски денови,
- Да поднесе писмена пријава до Комисијата за дисциплински мерки, која по пријавата одлучува на начин уреден со овој правилник.

За поведената дисциплинска постапка против студентот во случај на потешка повреда на правилата и стандардите за однесување, Комисијата за дисциплински мерки задолжително го известува студентот со писмена комуникација.

## II. ОДНЕСУВАЊЕ НА СТУДЕНТОТ ЗА ВРЕМЕ НА НАСТАВА

### Член 4

За време на одржувањето на наставата, од студентите се очекува крајно дисциплиниран однос и етичко однесување кон наставникот, асистентот и другите студенти.

### Член 5

Во смисла на член 4 од правилникот, **студентот не смее:**

1. Да го нарушува јавниот ред и мир за време на наставата,
2. Да доцни на часот, односно тој е должен да влезе во просторијата за предавање најмалку 10 минути пред официјалниот почеток на часот,
3. Да посетува определено предавање за сметка и во име на друг студент,
4. Да користи мобилен телефон или други електронски средства за комуникација, со што го оневозможува нормалното одвивање на предавањето, со исклучок на случаи кога наставата налага користење на овие средства за комуникација,
5. Да користи електронски цигари и останати тутунски производи во просториите на Бреинстер Некст,
6. Да разговара со други студенти за време на наставата и да го попречува вниманието на останатите колеги,
7. Да ги навредува своите колеги, наставникот или асистентот,
8. Да ги вознемирува своите колеги и наставниот кадар по кој било основ, вклучително, но не ограничувајќи се на: сексуално вознемирување или сексуално навредливо однесување, вознемирување засновано врз расно, етничко или национално потекло, јазик, религија, пол или попреченост,
9. Да прави/иницира дискриминација кон своите колеги и наставниот кадар врз основа на раса, боја на кожа, пол, сексуална ориентација, религија, верување, национално потекло, возраст, потекло, попреченост,
10. Да го попречува нормалното одвивање на наставниот процес на каков било друг непристоен начин,
11. Да достави невалидни документи со цел да се оправда отсуство или да се овозможи друга привилегија во врска со присуство на настава,
12. Да регистрира присуство на настава, иако физички не присуствувал на наставата
13. Да снима аудио или видео од наставата без претходна дозвола од наставникот и присутните студенти
14. Да објавува фотографии, видеа или други материјали од наставата на социјални мрежи без дозвола од Бреинстер Некст или од лицата кои се појавуваат на материјалот
15. Да користи лаптоп, таблет или други електронски уреди за активности кои не се поврзани со наставата и со тоа го попречува наставниот процес;
16. Да консумира храна или пијалоци на начин што го нарушува редот и хигиената во училницата;

17. Да ја напушти наставата, за време на нејзиното одржување без претходно одобрување или известување на наставникот, освен во оправдани и итни случаи;
18. Да внесува или консумира алкохол или други недозволени супстанци во просториите на Бреинстер Некст;
19. На настава да внесува лица кои не се студенти на Бреинстер Некст.
20. Да го попречува одвивањето на наставата преку намерно провоцирање конфликт, непристојно однесување или агресивна комуникација.
21. Да внесува, консумира или да биде под дејство на алкохол или други недозволени супстанци во просториите и непосредно пред просториите на Бреинстер Некст

**Член 6**

Во случај на непочитување на одредбите од член 5 на овој правилник од страна на студентот, наставникот или друг вработен во Бреинстер Некст во консултација со наставникот може:

- да го отстрани студентот од часот и врз таа основа може да ги намали поените што студентот ги добива врз основа на присуство и активност на часот и за тоа го известува студентот.
- да поднесе писмено известување или по електронска пошта преку административната служба до Директорот на Бреинстер Некст Скопје, кој врз основа на известувањето може да изрече дисциплинска мерка јавна писмена опомена согласно член 3 од овој правилник.
- да поднесе писмено известување или по електронска пошта преку административната служба до Директорот на Бреинстер Некст Скопје, кој врз основа на известувањето може да изрече времено исклучување до 30 денови согласно член 3 од овој правилник.
- да поднесе писмено известување или по електронска пошта преку административната служба до Директорот на Бреинстер Некст Скопје, кој врз основа на известувањето може да изрече дисциплинска мерка забрана за полагање во наредните една до три испитни сесии согласно член 3 од овој правилник.

Против одлуката **студентот има право да се жали** до Комисијата за дисциплински мерки.

## III. ОДНЕСУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ИСПИТ И НА ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ МЕТОДИ ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

**Член 7**

За време на одржување на испитите, како и за време на одржување на останатите тековни методи за проверка на знаењето (лабторириски вежби, задачи, проекти и сл.) студентите се должни да се раководат според принципите на академска чесност и академски интегритет.

Кога испитот или тековната проверка на знаење се изведуваат на компјутер и/или онлајн, предметниот наставник може да определи задолжително видео-снимање на процесот на решавање. Видео-снимката претставува составен дел од испитниот материјал и служи за утврдување на почитувањето на правилата за академска чесност и академски интегритет. Недоставување на снимка, доставување нецелосна снимка, прекинување на снимањето или

манипулација со снимката претставува основ за поништување на испитот/проверката на знаење и изрекување мерки согласно овој правилник.

**Член 8**

Во смисла на член 7 од овој правилник, студентот **за време на испит или при тековна проверка на знаење не смее:**

- Да се појавува за сметка и во името на друг студент,
- Да поднесе или прикачи испит или решение од тековна проверка на знењето без физички да присуствува во просторијата каде се одвива проверката на знењето (освен ако не е поинаку определено во рамки на самиот предмет)
- Да изнајде начин за давање или добивање на точните резултати преку разни сигнали или други начини на префрлување податоци во текот на испитот,
- Да препишува со или без знаење на другата личност во текот на испитот или тековната проверка на знаење,
- Да извршува задачи за или во име на друг студент,
- Да го поседува тестот пред тестирањето,
- Да се служи со учебник, учебно помагало, забелешки или други материјали, освен во ситуација кога е предвидено тие да се користат за време на испитот или тековната проверка на знаењето
- Да ги промени одговорите на веќе оценет тест и да го даде на повторно оценување,
- Да украде или преземе туѓа завршена задача и да ја приложат како своја,
- Да измислува податоци,
- Да ја уништи или украде работата на друг студент,
- Да напушти лабораториски вежби, за време на нивното одржување без претходно одобрување или известување на наставникот, освен во оправдани и итни случаи.
- Да презема какви било други дејствија со кои се доведува во прашање валидноста на дадените одговори и/или интегритетот на испитот или тековната проверка на знаење,
- Да користи дополнителен компјутер, мобилен телефон, таблет или друг електронски уред за време на испитот или тековната проверка на знаење, освен ако тоа не е изрично дозволено од предметниот наставник;
- Да користи комуникациски платформи (chat апликации, форуми, социјални мрежи или други интернет ресурси) за време на испитот;
- Да користи алатки за автоматско генерирање одговори, вклучително и алатки базирани на вештачка интелигенција, освен ако тоа не е дозволено во рамки на конкретниот предмет;
- Да користи надворешна помош од друго лице за време на испитот или тековната проверка на знаење;
- Да отвора или користи интернет страници, бази на податоци или други извори на информации доколку тоа не е дозволено за конкретниот испит;
- Да манипулира со софтверот за снимање или на друг начин да го попречува снимањето на решавањето на испитот;
- Да достави непотполна, изменета или манипулирана видео-снимка од процесот на решавање на испитот;
- Да го прекине снимањето на испитот или да достави снимка која не го опфаќа целиот процес на решавање;

- Да користи повеќе екрани, виртуелни машини или други технички средства со кои може да се прикрие користење недозволени ресурси;
- Да достави решение кое очигледно е изработено со недозволена помош или со алатки што не се дозволени за конкретниот испит;
- На каков било друг начин да го попречува нормалното одвивање на испитот или тековната проверка на знаење.

**Член 9**

Во случај на непочитување на одредбите од член 8 на овој правилник, наставникот или лицето овластено од наставникот да присуствува на испитот или тековната проверка на знаењето има право да му го одземе тестот на студентот и да го отстрани од испитот или тековната проверка на знаење, со тоа што нема да му ги признае резултатите за тој испит/таа тековна проверка на знаење.

Во врска со ситуацијата, наставникот поднесува писмено известување или по електронска пошта, кое го доставува преку административната служба до директорот на Бреинстер Некст, кој во рок од 5 работни дена од добиеното известување од наставникот може да му изрече една или повеќе од предложените мерки:

1. јавна писмена опомена на студентот за повреда на правилата и стандардите за однесување или

2. Забрана за полагање во наредните една до три сесии

Во случај на повторување на таквиот прекршок од страна на истиот студент, или доколку непочитувањето на одредбите од член 8 од овој правилник е сторено на особено дрзок и несоодветен начин, директорот може да му изрече една или повеќе од предложените мерки:

- Да поднесе барање до НС за изрекување на времено исклучување (суспензија) од НС за период од најмногу 90 календарски денови или
- Да поднесе писмена пријава до Комисијата за дисциплински мерки за поведување на дисциплинска постапка.

Комисијата по пријавата одлучува на начин уреден со овој правилник.

**Член 9а**

Доколку по завршувањето на испитот, вклучително и по објавување на резултатите, се утврди дека студентот постапувал спротивно на одредбите од овој правилник, врз основа на дополнителен увид во испитниот материјал, видео-снимката или други докази, предметниот наставник составува писмен извештај кој се доставува преку административната служба до директорот. Директорот може:

1. да донесе одлука за поништување на резултатот од испитот или тековната проверка на знаење;.
2. да ја поништи веќе евидентираната оценка во системот;
3. да изрече дополнителна дисциплинска мерка согласно член 9 од правилникот.

За донесената одлука студентот се известува писмено и има право на жалба согласно овој правилник

## IV. ПЛАГИЈАРИЗАМ

### Член 10

Плагијаризмот претставува ситуација во која намерно се користат туѓи трудови, материјали, идеи и друго, без да се наведе (цитира) нивниот извор, при што тие од страна на студентот се прикажуваат како сопствени.

Активностите на студентите поврзани со плагијаризам се во спротивност со принципот на академска чесност и претставуваат потешка повреда на правилата за дисциплинска одговорност.

### Член 11

Во смисла на член 10 од овој правилник, Бреинстер Некст очекува студентите да се воздржуваат од сите форми на плагијаризам при решавање на испити, пишување на есеи, стручни трудови, проекти и/или други материјали.

### Член 12

Во случај на непочитување на одредбата од членот 11 на овој правилник од страна на студентот, доколку наставникот утврди дека студентот направил ненамерен плагијат, треба да му објасни на студентот зошто проектот е плагијат и да му го врати проектот на доработка.

Доколку наставникот се сомнева на намерен плагијаризам или системот на Бреинстер Некст забележи можен плагијат, трудот и студентот кој го доставил се идентификувани како можен плагијат/плагијатор.

Во овие ситуации:

- Се организира дополнителна проверка на знаењето (преку усмен или писмен испит) на студентот кој направил плагијаризам .

-Проверката на знаењето може да биде спроведено со физичко присуство во просториите на Бреинстер Некст или во форма на онлајн задача. Оваа проверка на знаењето на студентот/тите може да биде најавено неколку денови пред одржувањето, но во одредени ситуации институцијата и наставниците го задржуваат правото да го најават и само еден ден пред одржувањето. Проверката на знаењето се одржува во утврдениот термин и не се презакажува (само во исклучителни ситуации и со медицинска белешка/друг вид на доказ за оправдано отсуство)

- Предметниот наставник го оценува знаењето на студентот и доколку студентот успешно ја помине проверката на знаењето, ги задржува првично освоените поени. Доколку студентот не ја помине успешно проверката на знаењето првично доделените поени.

Ваков тип на дополнителна проверка на знаењето најчесто се користи при примери на плагијаризам во тековни задачи од предмет (домашни задачи, трудови, лабораториски задачи итн.), но може да се користи и при плагијаризам на испити.

Доколку наставникот утврди намерен плагијат кај студент има право да му ги одземе поените, односно да не му ги признае резултатите за тој дел од испитот. Во врска со тоа,

наставникот изготвува писмен извештај што го доставува преку архивата до директорот на Бреинстер Некст.

Доколку директорот ја оцени одлуката на наставникот за основана, во рок од 5 работни дена од добиеното писмено известување од наставникот може:

- Да му изрече јавна писмена опомена на студентот за повреда на правилата и стандардите за однесување.
- Да му изрече забрана за полагање на студентот на наредните една до три испитни сесии.
- Да поднесе барање до НС за изрекување на времено исклучување (суспензија) од НС за период од најмногу 90 календарски денови или
- Да поднесе писмена пријава до Комисијата а дисциплински мерки ако на студентот веќе му е изречена најмалку една опомена за полесни повреди.

Комисијата по пријавата одлучува на начин уреден со овој правилник.

## V. ОДНЕСУВАЊЕ НА СТУДЕНТОТ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ

### Член 13

За време на престојот во просториите на Бреинстер Некст Скопје, студентот е должен:

- Да се придржува кон општите правила за ред и дисциплина,
- Да се однесува со должна почит кон другите студенти, академскиот и кон административниот кадар на Бреинстер Некс Скопје,
- Да се воздржува од употреба на сила, закана, и други насилни дејства кон другите студенти, академскиот и кон административниот кадар на Бреинстер Некст Скопје,
- Да не присвојува и да не оштетува инвентар и имот на Бреинстер Некст Скопје (простории, опрема, книги, и други материјали и средства),
- да не превземаат активности за упад во информатичкиот систем, односно на интернет страницата, образовниот портал/И.Ам.Некст системот, електронските досиеја на студентите и сл.,
- да не злоупотребува финансиски средства на Студентското собрание.

### Член 14

Во случај на непочитување на одредбите од член 13 на овој правилник од страна на студентот, по предлог на директорот, генералниот менаџер, претставник од администрацијата или наставниот кадар во рамки на Бреинстер Некст, може:

- Да му се изрече јавна писмена опомена од директор на студентот за повреда на правилата и стандардите за однесување,
- Директорот може да поднесе барање до НС за изрекување на времено исклучување (суспензија) од НС за период од најмногу 90 календарски денови или
- Да поднесе писмена пријава до комисијата за дисциплински мерки со барање за изрекување построга дисциплинска мерка против него.

Комисијата по пријавата одлучува на начин уреден со овој правилник.

## VI. ФАЛСИФИКУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

**Член 15**

Студентот не смее да фалсификува официјални документи на Бреинстер Некст Скопје или да врши активности од сличен карактер.

**Член 16**

Во случај на непочитување на одредбата од член 15 на овој правилник од страна на студентот, секој вработен на Бреинстер Некст кој ќе утврди недозволената активност, ќе изготви писмен извештај за утврдената активност и ќе ја достави до директорот на Бреинстер Некст кој ќе одлучи да поведе дисциплинска постапка против конкретниот студент.

## VII. ПОСТАПКА И МЕРКИ

**Комисија за дисциплински мерки**

**Член 17**

За случаите на потешки повреди на одредбите на овој правилник одлучува Комисија за дисциплински мерки формирана на ниво на Бреинстер Некст Скопје (во понатамошниот текст: Комисија).
Комисијата со Одлука ја формира Наставничкиот Совет на Бреинстер Некст Скопје.
Комисијата е составена од три члена, од кои двајца членови се определуваат од редот на наставниот кадар, а еден од членовите се делегира од редот на студентите, по предлог на Студенското собрание при Бреинстер Некст. Доколку Студентското собрание не предложи член, третиот член се избира од редот на вработените во Бреинстер Некст Скопје.
Мандатот на членовите на комисијата е со неограничено траење и истиот престанува во моментот кога членот не е веќе дел од Бреинстер Некст. Во случај на престанок на мандатот, се избира нов член на комисијата кој мора да дојде од истиот ред како и членот на кој му престанал мандатот.
Комисијата работи ако на нејзините состаноци се присутни мнозинство од членовите и одлуките се донесуваат со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на комисијата.

**Член 18**

Во рамки на дисциплинската постапка, Комисијата може да донесе препорака односно одлука за изрекување на следните дисциплински мерки против студентот:

- Укор во писмена форма, во кој јасно и недвосмислено ќе биде наведено во што се состои непочитувањето на правилата за дисциплинска одговорност и дека однесувањето на студентот не е во согласност со утврдените правила и стандарди за однесување на студентите на Бреинстер Некст,

- Јавна опомена на студентот која се објавува на огласната табла и на платформата на Бреинстер Некст,
- Плаќање на паричен надоместок за утврдена материјална штета направена со уништување на инвентар или опрема на Бреинстер некст, односно сторена кражба од страна на студентот во износ што ќе биде утврден по претходно направена стручна проценка,
- Препорака до директорот на Бреинстер Некст да донесе Одлука за времена суспензија на студентот,
- Препорака до директорот на Бреинстер Некст да донесе Одлука за трајно исклучување на студентот од Бреинстер Некст Скопје.

## Член 18-а

Доколку на студентот претходно му се изречени две дисциплински мерки согласно овој правилник, а против истиот повторно се поведе дисциплинска постапка или се поднесе барање за изрекување дисциплинска мерка поради нова повреда на правилата и стандардите за однесување, Комисијата, односно надлежниот орган согласно овој правилник, му изрекува мерка трајно исклучување од Бреинстер Некст Скопје.

За целите на став 1 на овој член, како претходно изречени дисциплински мерки се сметаат мерките што се конечни, односно против кои не е поднесена жалба во рокот определен со овој правилник или по кои е донесена конечна одлука.

## Член 19

Комисијата може да започне дисциплинска постапка врз основа на сопствени наоди или на предлог на директор, генерален менаџер, НС или на претставник од администрација во рамки на Бреинстер Некст Скопје.

Предлогот за поведување на дисциплинската постапка треба да ги содржи сите важни информации во врска со сторената повреда а пред се: опис на дисциплинската повреда, докази за извршената повреда, сведоци на настанот, предлог за решавање на случајот (разговор со студентот, конкретна санкција против студентот и др.).

Дисциплинската постапка започнува со писмено известување на студентот за поднесената пријава против него на еден од следните начини:

- Лично на студентот,
- Достава по писмен пат,
- Пратено по електронска пошта (на официјалната е-маил адреса на студентот доделена од Бреинстер Некст),
- Објавено на официјалната огласна табла на Бреинстер Некст или
- Објавено на официјалната веб страна на Бреинстер Некст Скопје.

## Член 20

Состаноците на Комисијата не се јавни. На покана на член на Комисијата, на нејзините седници можат да присуствуваат сведоци во врска со настанот за кој се одлучува.

За дискусијата на Комисијата се прави писмен извештај и тој извештај, заедно со донесената Одлука се доставува до поднесувачот на пријавата за поведување дисциплинска постапка против студентот во рок од 3 работни дена по одржаниот состанок. Одлуката на Комисијата задолжително се доставува до студентот во рок од 3 работни дена од нејзиното донесување.

**Член 21**

При донесување на одлуката, Комисијата особено ќе ги има предвид тежината на дисциплинската повреда и целокупното поведение на студентот.

**Член 22**

Доколку студентот е незадоволен од одлуката на Комисијата, може да се поднесе жалба против таа одлука до Одборот на директори на Бреинстер Некст кон која треба да ја приложи целокупната придружна документација и тоа најдоцна во рок од 5 работни дена по добивање на одлуката на Комисијата.
Доколку во определениот рок, студентот не поднесе жалба до Одборот на директори, одлуката на Комисијата ќе се смета за конечна.

**Член 23**

За поднесената жалба од член 22 на овој правилник, Одборот на директори одлучува најдоцна во рок од 7 работни дена по нејзиното добивање.

Доколку оцени дека е потребно прецизно согледување на основаноста на жалбата за донесување на правилна одлука, Одборот на директори може да побара на седницата на која ја разгледува жалбата да биде присутен и студентот.

При разгледувањето и одлучувањето по жалбата, одборот на директори може:

- Да ја отфрли жалбата како ненавремена,
- Да ја прифати жалбата во целост и да ја поништи одлуката на Комисијата,
- Целосно или делумно да ја прифати жалбата на студентот и да ја промени одлуката на Комисијата,
- Да ја одбие жалбата како неоснована и да ја потврди одлуката на Комисијата.

Одлуката на Одборот на директори е конечна.

**Член 24**

Комисијата одлучува по жалбата на студентот од член 6 став 2 и член 9 став 4 според одредбите од овој правилник. Комисијата може да ја отфрли или да ја прифати жалбата на студентот. Одлуката на Комисијата е конечна.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 25**

Овој правилник стапува во сила со денот на негово донесување. Сите измени и дополнувања на овој правилник се спроведуваат на истиот начин.

**Бреинстер Некст Скопје**
**Наставнички Совет**
**Директор**
**М-р Анја Марија Макеска**